**20250721531**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 април 2025 година.

Бр. 08-2013/1
1 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Член 1

Во Законот за прекршоците против јавниот ред и мир („Службен весник на Република Македонија" број 66/2007 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 171/22), во член 21 во алинејата 1 износот „50 до 1.000" се заменува со износот „500 до 1.000", износот „50 до 2.000" се заменува со износот „1.000 до 2.000", износот „250 до 6.000" се заменува со износот „3.000 до 6.000", а износот „250 до 10.000" се заменува со износот „5.000 до 10.000".

Во алинејата 2 износот „200" се заменува со износот „250".

Член 2

Во членот 31 износот „100" се заменува со износот „200".

Член 3

По членот 31 се додава нов член 31-а, кој гласи:

„Член 31-а

Не е дозволена употреба на пиротехнички средства утврдени со закон во објекти и простории од затворен тип.

На физичко лице кое постапува спротивно на одредбата од ставот 1 на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 200 до 250 евра во денарска противвредност.

За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе му се изрече глоба на правното лице од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност - за микротрговци, од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност - за мали трговци, од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност - за средни трговци и од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност - за големи трговци и за одговорното лице во правното лице од 250 до 500 евра во денарска противвредност.”.

Член 4

Во член 32 во ставот 1 зборовите: „на јавно место” се бришат.

Член 5

Во членот 35 по зборот „средни” се става запирка и се додава зборот „големи”.

Член 6

Во член 36 во ставот 1 по бројот „31” се става запирка и се додаваат зборовите: „31-а став 2”.

Во ставот 5 по зборовите: „30 став 2” се става запирка и се додаваат зборовите: „31-а став 3”.

Член 7

Во член 37 во ставот 1 по бројот „31” се става запирка и се додава бројот „31-а”.

Член 8

Во член 38 во ставот 2 зборовите: „прекршокот од членот 21” се заменуваат со зборовите: „прекршоците од членовите 21 и 31-а став 3”.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.